**20171903773**

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 24 став 1 алинеја 5, член 29 став 3 и член 30 став 5 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/2014, 188/2014, 44/2015 и 193/15), а во врска со член 2 и 4 од Правилникот за утврдување на годишниот надоместок за надзор на пазарот („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/2014), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 18.12.2017 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

I

Се утврдува вредноста на коефициентот „К” која е еднаква на 1, за пресметка на висината на процентуалниот износ од вкупниот приход на операторите на јавни комуникациски мрежи и давателите на јавни комуникациски услуги заради определување на годишниот надоместок за надзор на пазарот за 2018 година.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува сметано од 1.1.2018 година.

III

Оваа одлука е конечна.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 29 став 3 и член 30 став 5 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/2014, 188/2014, 44/2015 и 193/15), а во врска со член 2 и 4 од Правилникот за утврдување на годишниот надоместок за надзор на пазарот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 161/2014), вредноста на коефициентот „К” за пресметка на висината на процентуалниот износ од вкупниот приход на операторите на јавни комуникациски мрежи и давателите на јавни комуникациски услуги заради определување на годишниот надоместок за надзор на пазарот за 2018 година, се утврдува со одлука донесена од директорот на Агенцијата за електронски комуникации врз основа на годишната програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2018 година во чиј состав е финансискиот план на Агенцијата за 2018 година, во рок од десет дена од денот на усвојување на годишната програма за работа.

Годишната програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2018 година во чиј состав е финансискиот план на Агенцијата за 2018 година е усвоена од страна на Комисијата на Агенцијата по предлог на директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 7.12.2017 година, како што е предвидено во член 11 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/2014, 188/2014, 44/2015 и 193/15)

Финансискиот план за 2018 година содржи податоци за реализација на планираните активности, планираните приходи и расходи на Агенцијата за електронски комуникации за 2018 година групирани по структура и по организациона структура на Агенцијата, како и предвидените капитални инвестиции на Агенцијата за 2018 година.

Според усвоената годишна програма односно финансискиот план за 2018 година вкупните планирани приходи по основ на надоместок за надзор на пазарот изнесува 50.810.000 денари.

Вредноста на коефициентот е утврдена врз основа на планираниот приход за 2018 година по основ на надоместок за надзор на пазарот и податоците со кои располага Агенцијата за електронски комуникации за вкупниот годишен приход на операторите на јавни комуникациски мрежи и давателите на јавни коуникациски услуги.

Врз основа на горенаведеното, согласно на член 24 став 1 алинеја 5, член 29 став 3 и член 30 став 5 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/2014, 188/2014, 44/2015 и 193/15), а во врска со член 2 и 4 од Правилникот за утврдување на годишниот надоместок за надзор на пазарот („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/2014) на предлог на Секторот за финансии и сметководство број 0503-23/146 од 14.12.2017 година , директорот на Агенцијата за електронски комуникации ја донесе оваа одлука како во диспозитивот.

Бр. 0308-3312/1
18 декември 2017 година
Скопје

Директор,
**Сашо Димитријоски,** с.р.